**ЗАПИСНИК**
**од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 04.04.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Методија Јанчески (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Ивона Муфишева Алексовска, Катерина Доневска, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски најави дека на седницата нема да присуствува г-дин Јанчески бидејќи имал обврски на факултетот каде што работи. Објасни дека имаше барање од негова страна седницата да започне по 15:30 часот, но рече дека од повеќе причини немало можност во тој термина да се одложи седницата. Од таа причина рече дека неговото отсуство е оправдано.

Г-дин Петрушевски го прочита предложениот дневен ред при што појасни дека Точката 4 - Предлог-одлука за објавување на јавен оглас за засновање работен однос и за спроведување на постапка за вработување на определено време се однесува за привремени вработувања од 6 месеци на две лица со високо образование и едно лице со средно образование на период од 4 месеци. Вработувањата се предлагаат затоа што две колешки од правниот сектор ќе бидат отсутни на подолг временски период.

Г-дин Фиданоски во интерес на експедитивноста предложи Точката 4 - Предлог-одлука за објавување на јавен оглас за засновање работен однос и за спроведување на постапка за вработување на определено време, за која е потребно да се стигнат роковите, да се стави на разгледување веднаш по записникот како Точка 2.

Г-дин Петрушевски објасни дека пред да започне седницата имаше барање доколку се заврши до 15:00 часот, да се направи пауза за да се средат документите за објава на огласот во два дневни весника, затоа што поради велигденските празници ќе се печати петоброј на весниците односно нема весниците да се печатат секој ден.

Г-дин Фетаи рече дека доколку се оценило дека предлогот на директорот на Агенцијата е во ред, рече дека и тој нема резерва и ќе го поддржи.

Г-дин Петрушевски рече дека и тој ќе го поддржи предлогот. Во таа насока на гласање го стави предложениот дневен ред со тоа што Точката 4 - Предлог-одлука за објавување на јавен оглас за засновање работен однос и за спроведување на постапка

за вработување на определено време да биде ставена како Точка 2, а другите точки редоследно да се поместат согласно промената.

Советот на Агенцијата со предложената корекција едногласно со 6 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог-записник од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.03.2018 година.
2. Предлог-одлука за објавување на јавен оглас за засновање работен однос и за спроведување на постапка за вработување на определено време.
3. Информација во врска со повикот доставен од страна на стечаен управник за уплата на аванс за водење на стечајната постапка врз должникот Радиодифузно друштво СКАЈ НЕТ – Манчев – во стечај ДОО Скопје, со предлог – одлука.
4. Предлог-одлука за одбивање на Писменото барање од заинтересирана страна, за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на државно ниво.
5. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД Клуб ФМ од Скопје.
6. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски во врска со записникот потсети дека на 19-та седница не беа присутни г-дин Трајчев затоа што бил на пат и г-дин Јанчески кој еден час пред започнување на седницата со СМС порака го известил дека е дежурен на работа, односно имал колоквиумска недела со студентите.

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Трајчев го усвои предложениот Записник од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.03.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за објавување на јавен оглас за засновање работен однос и за спроведување на постапка за вработување на определено време. Објасни дека во Секторот за правни и економско-финансиски работи раководителката на секторот е на боледување и исто така и две колешки се отсутни на подолг период. Останата е само колешката м-р Ивона Муфишева Алексовска, односно само еден правник и целиот товар паѓа на неа. Од таа причина се предлага да се објави јавен оглас за привремени вработувања од 6 месеци на две лица со високо образование во секторот. Доколку по истекот на 6-те месеци се`уште има потреба, повторно до Советот ќе се поднесе предлог.

Г-дин Петрушевски рече дека ова е добар начин да се проценат лицата кои ќе бидат вработени на определено време а потоа сите ќе имаат повторно шанса. Огласот рече дека ќе се објави во два весника на македонски и албански јазик. Отвори дискусија по точката.

Г-дин Фетаи праша колку кредити се потребни за вработувањата и колку ќе изнесува платата?

Г-дин Трајчевски објасни дека во огласот кој членовите на Советот го имаат во материјалите ги има сите потребни информации. Исто така одговори дека се бараат лица со високо образование со најмалку 180 кредити според ЕКТС.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.04-1763/1 од 03.04.2018 година и едногласно даде одобрување за донесување Одлука на Директорот на Агенцијата за објавување на јавен оглас за засновање работен однос и за спроведување на постапката за вработување на 3 (три) извршители, и тоа:

- 1 (еден) извршител – Соработник за регулатива и аналитичко правни работи во Одделението за нормативно-правни работи при Секторот за правни и економско-финансиски работи,
- 1 (еден) извршител – Соработник за правни работи и човечки ресурси во Одделението за административно-правни работи при Секторот за правни и економско-финансиски работи и
- 1 (еден) извршител - Работник на пријавница во Одделението за јавни набавки и општи работи при Секторот за информатичка поддршка и општи работи во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата јавниот оглас кој е составен дел од Одлуката да го објави во 2 (два) дневни весника, и тоа: 1 (еден) дневен весник што се издава на македонски јазик и 1 (еден) дневен весник што се издава на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на товар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како работодавач.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски објасни дека информацијата во врска со повикот доставен од страна на стечаен управник за уплата на аванс за водење на стечајната постапка врз должникот Радиодифузно друштво СКАЈ НЕТ – Манчев – во стечај ДОО Скопје, Советот ја разгледувал повеќе пати и при тоа Советот донесе Одлука да се покрене стечајна постапка. Во таа насока потребно е да се уплати аванс од 80.000,00 денари за водење на судската постапка.

Раководителката на одделението за нормативно – правни работи м-р Ивона Муфишева Алексовска објасни дека на 27.03.2018 година, од страна на стечајниот управник на Радиодифузно друштво СКАЈ НЕТ-Манчев – во стечај ДОО Скопје Драги Момировски, до Агенцијата беше доставен повик за уплата на аванс од 80.000,00 денари за водење на стечајна постапка врз должникот СКАЈ НЕТ ДОО во стечај Скопје. Инаку Основниот суд Скопје II Скопје, на 10.07.2017 година, донесе Решение со кое се отвора стечајна постапка над должникот која постапка не се спроведува заради немање имот и истата се заклучува. Меѓутоа Агенцијата како доверител кој спрема должникот РД СКАЈ НЕТ – Манчев ДОО Скопје, има воспоставено правен однос на залог врз

основа на Договор за залог ОДУ бр.5/06 од 11.01.2006 година, во законски утврдениот рок вложи Жалба на Решението. Имајќи предвид дека во фазата на подготвување на Жалбата, Агенцијата немаше увид во обжаленото Решение од причина што истото не и беше доставено од страна на судот, туку информацијата за неговото донесување ја имаше само од увидот во објавата во „Службен весник на Република Македонија" бр.95/17 од 23 јули 2017 година, Агенцијата побара од Основниот суд Скопје II Скопје негово доставување. На 05.09.2017 година, судот до Агенцијата го достави Решението и по увидот во доставеното Решение, Агенцијата до Апелациониот суд Скопје достави Поднесок во кој даде дополнителни наводи со цел второстепениот суд да ги земе предвид при одлучувањето по Жалбата. Во однос на наводите дадени во Жалбата на Агенцијата, стечајниот управник на Радиодифузното друштво СКАЈ НЕТ – Манчев ДОО Скопје и полномошникот адвокат дадоа Одговори на жалба. Апелациониот суд Скопје, на седницата на советот одржана на 16.11.2017 година, донесе Решение ТСЖ-2571/17 со кое Жалбата на Агенцијата ја уважи, а Решението на Основниот суд Скопје II Скопје го укина и предметот го врати на првостепениот суд на повторно одлучување. Во Решението ТСЖ-2571/17 од 16.11.2017 година Апелациониот суд Скопје даде напатствија за постапување на првостепениот суд при што меѓу другото беше наведено дека: "...доколку доверителот бил спремен да авансира трошоци за отворање на стечајната постапка, како би се надмирил со заложените предмети во стечајната постапка, со авансирање на трошоците од 80.000,00 денари, би предложил отворање и спроведување на стечајната постапка. Во оваа смисла, првостепениот суд ќе треба пред сè да го повика доверителот да се изјасни дали е спремен да ги авансира трошоците во постапката, па во таа смисла да цени дали постојат услови да се отвори и спроведе стечајната постапка." По повод Решението ТСЖ-2571/17 од 16.11.2017 година на Апелациониот суд Скопје, на 06.02.2018 година, се одржа рочиште на кое Основниот суд Скопје II Скопје, го задолжи претставникот од адвокатската канцеларија „Златко Колевски" од Скопје со која Агенцијата има склучено Договор за набавка на адвокатски услуги, како полномошник на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да се произнесе дали Агенцијата како доверител е спремна да авансира трошоци за отворање на стечајна постапка над должникот РД СКАЈ НЕТ – Манчев ДОО Скопје, во износ од 80.000,00 денари. За напред наведеното, Раководителот на Секторот за правни и економско – финансиски работи на 07.02.2018 година, го информираше Директорот на Агенцијата, а истиот ден при одржувањето на 5-та седница на Советот на Агенцијата, ги информираше и членовите на Советот. Во врска со дадените насоки од Директорот и членовите на Советот на Агенцијата - за продолжување со понатамошните активности околу отворањето на стечајната постапка над должникот РД СКАЈ НЕТ – Манчев ДОО Скопје, Раководителот на Секторот за правни и економско – финансиски работи, ја извести горенаведената адвокатска канцеларија. На 12.02.2018 година, до Основниот суд Скопје 2 Скопје, беше доставен поднесок од страна на полномошникот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги дека Агенцијата е спремна да авансира износ од 80.000,00 денари за отворање на стечајна постапка над должникот РД СКАЈ НЕТ – Манчев ДОО Скопје. Во врска со горенаведеното, Основниот суд Скопје II Скопје, на рочиштето одржано на 16.02.2018 година, донесе Решение IV.СТ.бр.1209/17 од 16.02.2018 година со кое се усвои предлогот за отворање стечајна постапка над должникот Радиодифузно друштво СКАЈ НЕТ – Манчев ДОО Скопје од Скопје и се отвори стечајна постапка над истиот.

Г-дин Петрушевски објасни дека во материјалите хронолошки ги има сите прилози објаснети во информацијата. Постапката според доставените прилози е започната некаде од јули 2017 година. Советот неколку пати дискутирал на оваа тема и донел заклучок да се продолжи постапката со овој радиодифузер. Тогаш и г-дин Трајчев

дал свое мислење. Според него рече дека кога веќе е започната постапката, ќе го поддржи предлогот за уплата на авансот од 80.000,00 денари.

Г-дин Фиданоски рече дека неговиот личен впечаток околу оваа тема е дека правниот сектор во име на Агенцијата добро ја води работата. Смета дека Советот не направи грешка што побара да се отвори стечајна постапка за да се наплатат тие средства. Верува дека на крајот Агенцијата ќе има бенефит од завршувањето на постапката, што впрочем и примањето на Жалбата од Агенцијата од страна на повисоките инстанции укажува на позитивен исход. Во материјалите забележал дека денес имало рочиште за испитување и утврдување на пријавените побарувања и побара кратка информација за тоа што било кажано на рочиштето?

Раководителката на одделението за нормативно – правни работи м-р Ивона Муфишева Алексовска одговори дека понатамошните активности околу отворањето на стечајната постапка над должникот РД СКАЈ НЕТ – Манчев ДОО Скопје ги води адвокатската канцеларија со која Агенцијата има склучено договор. Но по велигденските празници Агенцијата ќе добие известување за текот на рочиштето.

Г-дин Фетаи рече бидејќи целата постапка е доведено до ова ниво, сега нема логика Советот и Агенцијата да се откажат. Рече дека одат по патот кој го одредила Стручната служба односно правниот сектор и судот исто така.

Г-дин Петрушевски рече дека се принципиелни и дека гледаат да се довршат работите за да не останат неразјаснети.

Советот на Агенцијата ја усвои Информацијата бр.03-1168/3 од 03.04.2018 во врска со повикот доставен од страна на стечаен управник за уплата на аванс за водење на стечајната постапка врз должникот Радиодифузно друштво СКАЈ НЕТ – Манчев - во стечај ДОО Скопје.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение на Директорот на Агенцијата, да донесе Одлука со која се одобруваат финансиски средства во износ од 80.000,00 (осумдесетилјади) денари, за уплата од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - како доверител, на аванс за водење на стечајната постапка врз должникот Радиодифузно друштво СКАЈ НЕТ-Манчев – во стечај ДОО Скопје, кон кој Агенцијата има воспоставено правен однос на залог врз основа на Договор за залог ОДУ бр.5/06 од 11.01.2006 година, а согласно Повикот за уплата на аванс за водење на стечајната постапка врз Радиодифузното друштво СКАЈ НЕТ-Манчев – во стечај ДОО Скопје, доставен од стечајниот управник на наведениот должник, наш арх.бр.03-1168/2 од 27.03.2018 година.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за одбивање на Писменото барање од заинтересирана страна, за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на државно ниво. Објасни дека Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип поднесе барање за доделување на дозвола на државно ниво, меѓутоа согласно дописот од Агенцијата за електронски комуникации, нема слободни фреквенции. Од таа причина се предлага да се одбие барањето поради технички причини.

Г-дин Петрушевски рече дека доколку имаше слободни фреквенции ќе имаше и предлог за доделување на дозвола за радио на албански јазик, бидејќи недостига.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-140 од 03.04.2018 година и едногласно донесе Одлука за одбивање на Писменото барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип бр.03-20/1 од 21.03.2018 година (наш Уп1 бр.08-140 од 23.03.2018 година) за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на државно ниво – целата територија на Република Македонија, затоа што согласно Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека нема слободна радиофреквенција, односно согласно Информацијата за слободни фреквенции за радио на државно ниво бр.0805-1241 од 28.03.2018 година (наш Уп1 бр.08-140 од 28.03.2018 година), од страна на Агенцијата за електронски комуникации утврдено е дека не постои можност за реализација на нова радио мрежа за национално покривање, со текст како што беше предложена одлуката.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата, донесената Одлука да ја достави до заинтересираната страна, подносителот на писменото барање –Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Вишиот соработник од Секторот за стратешко планирање и авторски права Катерина Доневска ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД Клуб ФМ од Скопје. Објасни дека на 15.03.2018 година Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје до Агенцијата достави Известување за промена на сопственичка структура. Поради смрт на сопственикот на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје, а врз основа на Решение за оставинска постапка, побарана е согласност за пристапување на физичко лице, неговата сопруга која според податоците од Интернет дистрибутивниот систем на ЦРМ не се јавува како основач на трговски друштва.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-130 од 03.04.2018 година и донесе Одлука со која се дозволува промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и тие не се спротивни на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права, да достави допис до Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје, со кој ќе побара по извршената промена, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 6**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-1717/6**
**13.04.2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**